**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Бр. 25-9453/3
30.12.2010 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05 и 110/08), член 62 став (2) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08) и член 24 став (2) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.131/09, 16/10 и 105/10), постапувајки по барањето на Друштвото АВТО-СИГУРНОСТ увоз-извоз ДОО Струмица, бр.25-9453/1 од 21.12.2010 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ на правното лице за технички преглед** Друштвото АВТО-СИГУРНОСТ увоз-извоз ДОО Струмица со локација на Стар пат Струмица-Радовиш., **за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата за група на категорија L, $M_1$, $N_1$, $O_1$ и $O_2$,** согласно член 24 став (3) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата,

## Образложение

Друштвото АВТО-СИГУРНОСТ увоз-извоз ДОО Струмица, до Министерството за економија поднесе барање за овластување за правно лице за технички преглед за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата за група на категорија L, $M_1$, $N_1$, $O_1$ и $O_2$, согласно член 24 став (1) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата. Кон барањето се поднесени следните документи согласно членовите 16, 17 и 18 од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата: Решение за овластување за вршење на правното лице, Друштвото АВТО-СИГУРНОСТ увоз-извоз ДОО Струмица да врши технички преглед на моторни возила и приклучни возила, трактори и земјоделски трактори, бр.19.11.1-31325/3 од 29.05.2009 година издадено од Министерство за внатрешни работи – Сектор за управно-надзорни работи од Скопје; Изјава за деловен простор и опрема бр.50/10 од 16.12.2010 година; копии од обрасците М1/М2 за: дипл. маш. инг. Горанчо Козовски со Потврда за положен стручен испит бр.25-7149/2, дипл. инг. за патен сообраќај Коцев Златко со Потврда за положен стручен испит бр.25-7148/2 и техничар за транспорт – Петре Манојлев со Потврда за положен стручен испит бр.25-7226/2; доказ за склучен договор за осигурување - Полиса бр.11067116 од 08.06.2010 година; и Внатрешни процедури за обезбедување на квалитет во постапките на работа.

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила и Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 62 став (2) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/2010 и 145/2010) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО** : незадоволната странка од ова решение може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на економијата. Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

МИНИСТЕР,
Фатмир Бесими